# СЕЌАВАЊА ЗА НАУМ ВЕСЛИЕВСКИ - ОВЧАРОТ

## Две видувања со него

Се сеќавам на тоа насмеано лице кое дојде во нашиот одред "Дамјан Груев". Наум беше добар човек кој уште со самото доаѓање докажа дека е добар комунист и борец. Беше многу сакан и почитуван од другарите во одредот. Тој беше борец со голема идеја и доста начитан. Имаше една книга за марксизмот и таа книга често ја читаше и ни раскажуваше нас на борците, дека не е лесно да се биде партизан или комита. Се сеќавам како заедно со Наум одевме по селата и насекаде одржувавме народни собори. Заедно со селаните се пееја песни од кои најпознати беа: "Женил се Петре војвода", "Млада партизанка да станам", "Македонците се борат за своите правдини" и ред други песни. Овчарот беше многу сакан и од селаните во цела Преспа и Ресенско. Се зборуваше често за тоа насмеано лице на Наум Овчарот. За време на еден престој во с. Бесвина им одржавме говор на селаните дека ние не сме андарти (грчки комити), туку партизани Македонци. Уште пред влегувањето ние пукавме со нашите пушки да им го најавиме нашето доаѓање. Но селаните незнаејќи кои сме ги напуштиле своите домови. Во селото останаа две стари жени на кои им кажавме кои сме и за што сме дојдени. Потоа сите селани разбраа дека во нивното село имало партизани-ослободители, а не андарти. Потоа заедно со селаните пеевме и игравме, а меѓу борците беше и Овчарот кој ја делеше со нас веселбата.

Но, за жал јас не бев долго време со него. Кога се подели одредот "Дамјан Груев", ние отидовме во Егејска Македонија, а Овчарот остана во Преспанскиот регион заедно со други борци. Уште еднаш со него не се видовме.

Дури по ослободувањето во 1958 година Наум Овчарот беше дојден во с. Лавци на гости кај Ванѓел-Тунелот. Јас си одев од работа во Лавци и ги сретнав на половина пат - Овчарот со жената му и Вангел Тунелот со жената. Вангел го праша Овчарот: "Дали го познавам овој човек", а Наум му рече: -"Познат ми е, ама неможам да се сетам." Кога Вангел му кажа дека јас сум партизанот Веле кој му палеше оган на партизаните во пештерата близу селото Лескоец на Галичица, Овчарот беше пресреќен. Се поздравивме и прегрнувајќи ме ми рече: "Да ни е жива и долговечна слободата, да си жив и здрав и ти Веле. Неизмерна беше радоста што по толку време по цели 15 години повторно се сретнавме. Тоа ми остана во сеќавање за Овчарот. Оттогаш уште еднаш не се видовме.

САМАРКОВСКИ КРСТЕ
Носител на Партизанска споменица
1941, ул. Леринска бр. 78-Битола

Сојуз на здруженијата на борците од НОВ на Македонија, Социјалистичка Република Македонија, Општински одбор Ресен